# Medicare е австралискиот систем за здравствена нега

Medicare помага да се покријат трошоците за низа разновидни медицински услуги.

## Како работи Medicare

Ние обезбедуваме исплати и услуги што може да ви помогнат кога вие, или некое лице кое што го негувате, користите здравствени услуги или купувате лекови.

Ако ги исполнувате условите, Medicare ви помага да ги покриете трошоците за низа разновидни медицински услуги:

- бесплатно или поевтино лекување кај лекари, специјалисти, оптичари а, во некои случаи, и заболекари и други здравствени работници
- евтини лекови
- бесплатно лекување и сместување во државните болници

## Како да се пријавите во Medicare

Луѓето постари од 15 години може да појдат во некој од центрите за услуги на клиентите и да се пријават.

Ќе треба со себе да понесете некои информации, вклучувајќи важечки пасоши, патни исправи, ImmiCard, важечка виза или оригинално писмо, и поединости за вашата банковна сметка. Повластиците од Medicare можеме да ги исплаќаме само на австралиска банковна сметка.

Ако ги исполнувате условите, ќе ви дадеме број од Medicare што ќе може веднаш да го користите. Ќе ви ја испратиме вашата картичка  Medicare во рок од 3 до 4 недели.

За да дознаете повеќе на англиски јазик, појдете на **humanservices.gov.au/medicarecard**

## Картичка Medicare

Потребна ви е важечка картичка Medicare за да можете да побарате враќање на парите од Medicare, за да одите кај лекар којшто наплаќа директно од Medicare, за да се лекувате како државен пациент во државна болница, или за да ви издадат лекови на рецепт од програмата за поевтини лекови Pharmaceutical Benefit Scheme. Вашата картичка Medicare исто така може да помогне и ако сте приватен пациент којшто се лекува во државна или во приватна болница.

На едно семејство може да му се издадат најмногу две картички. Ако имате 15 или повеќе години, може да добиете своја сопствена картичка Medicare.

Ако ја загубите вашата картичка Medicare или ако ви ја украдат, лесно може да побарате нова користејќи ја вашата интернет-сметка во Medicare или преку програмата за мобилен телефон Express Plus Medicare. За повеќе информации на англиски јазик, појдете на **humanservices.gov.au/medicarecard**

# Reciprocal Health Care Agreements (Спогодби за заемна здравствена нега)

Medicare не ви ги покрива трошоците за лекување кога одите во странство. Меѓутоа, австралиската влада има потпишано Reciprocal Health Care Agreements (RHCA) со некои земји за Австралијците да бидат покриени за трошокот за основно медицинско лекување кога ги посетуваат тие земји.

Посетителите од тие земји може исто така да имаат право на некои здравствени услуги и поевтини лекови кога престојуваат во Австралија.

За да дознаете повеќе за RHCA на англиски јазик, појдете на **humanservices.gov.au/rhca**

# Пријавете ги кај нас поединостите за вашата банковна сметка

Пријавете ги кај нас поединостите за вашата банковна сметка за да можат вашите повластици од Medicare да ви се исплаќаат директно на банковната сметка што сте ја навеле.

Пријавете ги поединостите за вашата банковна сметка:

- користејќи ја вашата интернет-сметка во Medicare преку myGov
- користејќи ја програмата за мобилни телефони Express Plus Medicare.

Ќе треба:

- да ги имате при рака вашата картичка Medicare и поединостите за вашата банковна сметка - BSB, бројот на сметката и името на сметката – кога ќе се пријавувате
- да нè известите ако се променат вашите поединости.

За повеќе информации на англиски јазик, појдете на **humanservices.gov.au/medicareservices**

# Како да поднесете барање

Може да поднесете барање за секое лице коешто е наведено на вашата картичка Medicare. Исто така може да поднесете барање и за лице коешто е наведено на друга картичка Medicare ако вие сте ја платиле услугата.

Барањето може да го поднесете:

- кај лекарот, ако тој нуди можност за поднесување барање по електронски пат
- користејќи ја вашата инернет-сметка во Medicare преку myGov
- користејќи ја програмата за мобилни телефони Express Plus Medicare.

За да дознаете повеќе за можностите за поднесување барање на англиски јазик, појдете на **humanservices.gov.au/medicareclaiming**

## Самопослужување во Medicare

Лесно е да работите со нас во секое време и на секое место. Повеќето работи може да ги завршите брзо и лесно без да има потреба да ни телефонирате или да дојдете кај нас.

Користејќи ја вашата интернет-сметка во Medicare и програмата за мобилни телефони Express Plus Medicare може да поднесете барање, да ги обновите вашите лични и банковни поединости, да побарате да ви издадат заменска или дупликат картичка Medicare, да ги видите изводите од вакцинациите и многу други работи.

## Интернет-сметка во Medicare

Може да отворите интернет-сметка во Medicare преку myGov. Тоа е сигурен начин на којшто можете да ги завршувате вашите работи со Medicare во време и на место што ви одговара на вас.

За да дознаете како да отворите сметка на англиски јазик, појдете на **humanservices.gov.au/medicareonline**

## Програма за мобилни телефони Express Plus Medicare

Низа работи може да завршите и со помош на програмата за мобилни телефони Express Plus Medicare. Штом ќе отворите интернет-сметка во Medicare, може да ја симнете програмата од App Store, Google Play или од Windows Store.

За да дознаете повеќе за програмата на англиски јазик, појдете на **humanservices.gov.au/expressplus**

## За повеќе информации

- појдете на **humanservices.gov.au/medicareservices** за повеќе информации на англиски јазик
- појдете на **humanservices.gov.au/yourlanguage** каде што може да прочитате, слушнете или погледнете видео-снимки со информации на вашиот јазик
- јавете се на **131 202** за да разговарате со нас на вашиот јазик во врска со исплатите и услугите од Centrelink
- јавете се во Translating and Interpreting Service (TIS National) на **131 450** за да разговарате со нас на вашиот јазик за исплатите и услугите од Medicare и Child Support
- посетете некој од центрите за услуги на клиентите

Напомена: Телефонските повици од вашиот домашен телефон до броеви што почнуваат на ‘13’ од кое и да било место во Австралија се наплаќаат според однапред утврдена тарифа. Таа тарифа може да се разликува од тарифата за локален телефонски повик, а исто така може да биде различна од една до друга телефонска компанија. Повиците до броеви што почнуваат на ‘1800’ од вашиот домашен телефон се бесплатни. Повиците од јавни и мобилни телефони може да се временски мерени и да се наплаќаат по повисока тарифа.

## Оградување

Информациите содржани во овој печатен материјал се наменети да бидат само водич за исплатите и услугите. Ваша обврска е да одлучите дали сакате да побарате некоја исплата и да поднесете барање на основа на вашите лични околности.

# Medicare is Australia's health care system

Medicare helps cover the cost of a range of medical services.

## How Medicare works

We provide payments and services that can help when you, or someone you care for, use health care services or buy medicines.

If you're eligible, Medicare helps cover the cost of a range of medical services:

- free or cheaper treatment by doctors, specialists, optometrists, and in some cases dentists and health practitioners
- low cost medicine
- free treatment and accommodation in a public hospital

## How to enrol in Medicare

People over the age of 15 can visit a service centre to enrol.

You'll need to bring some information with you including current passports, travel documents, ImmiCard, valid visa or original letter and your bank account details. We can only pay Medicare benefits into an Australian bank account.

If you're eligible, we'll give you a Medicare number to use straight away. We'll send your Medicare card to you in 3 to 4 weeks.

To find out more in English, go to **humanservices.gov.au/medicarecard**

## Medicare card

You need a valid Medicare card to claim Medicare benefits, visit a doctor who bulk bills, be treated as a public patient in a public hospital, or to get a Pharmaceutical Benefit Scheme prescription filled. Your Medicare card can also help if you're a private patient being treated in a public or private hospital.

A maximum of two cards can be issued per family. If you're 15 or older, you can get your own Medicare card.

If your Medicare card is lost or stolen, you can easily request a new one using your Medicare online account or the Express Plus Medicare mobile app. For more information in English, go to **humanservices.gov.au/medicarecard**

## Reciprocal Health Care Agreements

Medicare doesn't cover treatment when you go overseas. However, the Australian Government has signed Reciprocal Health Care Agreements (RHCA) with some countries to cover Australians for the cost of essential medical treatment while they're visiting those countries.

Visitors from those countries may also be entitled to some health services and cheaper medicines when they're in Australia.

To find out more about the RHCA in English, go to **humanservices.gov.au/rhca**

## Register your bank account details

Register your bank account details with us so your Medicare benefits can be paid directly into your nominated bank account.

Register your bank account details:

- using your Medicare online account through myGov
- using the Express Plus Medicare mobile app.

You need to:

- have your Medicare card and bank account details–BSB, account number and account name–with you when you register
- let us know if your details change.

For more information in English, go to **humanservices.gov.au/medicareservices**

## Claiming

You can make claims for anyone listed on your Medicare card. You can also claim for someone on another Medicare card, if you've paid for the service.

You can submit a claim:

- at the doctor's if they offer electronic claiming
- using your Medicare online account through myGov
- using the Express Plus Medicare mobile app.

To find out more about claiming options in English, go to **humanservices.gov.au/medicareclaiming**

## Medicare self service

It's easy to do business with us anytime and anywhere. You can do most things quickly and easily without needing to call or visit us.

Using your Medicare online account and Express Plus Medicare mobile app you can make a claim, update your personal and bank details, request a replacement or duplicate Medicare card, view immunisation statements and much more.

## Medicare online account

You can register for a Medicare online account through myGov. It's a secure way for you to do your business with Medicare when and where it suits you.

To find out how to register in English, go to **humanservices.gov.au/medicareonline**

## Express Plus Medicare mobile app

You can also do a range of things using the Express Plus Medicare mobile app. Once you have a Medicare online account, you can download the app from the App Store, Google Play or the Windows Store.

To find out more about the app in English, go to **humanservices.gov.au/expressplus**

## For more information

- go to **humanservices.gov.au/medicareservices** for more information in English
- go to **humanservices.gov.au/yourlanguage** where you can read, listen to or watch videos with information in your language
- call **131 202** to speak with us in your language about Centrelink payments and services
- call the Translating and Interpreting Service (TIS National) on **131 450** to speak with us in your language about Medicare and Child Support payments and services
- visit a service centre.

Note: calls from your home phone to ‘13’ numbers from anywhere in Australia are charged at a fixed rate. That rate may vary from the price of a local call and may also vary between telephone service providers. Calls to ‘1800’ numbers from your home phone are free. Calls from public and mobile phones may be timed and charged at a higher rate.

### Disclaimer

The information contained in this publication is intended only as a guide to payments and services. It’s your responsibility to decide if you wish to apply for a payment and to make an application with regard to your particular circumstances.